SC
BL

**Проект: Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва**

## Советување на тема „Побивање на должниковите правни дејства – нормативни аспекти и судска пракса„

Шестото советување посветено на стечајната постапка, одржанво на 13 април 2017 година на тема „Побивање на должниковите правни дејства – нормативни аспекти и судска пракса„ предизвика голем интерес кај стручната јавност. Над педесетина претставници на Министерството за економија, стечајни управници, стечајни судии и судии кои работат на предмети што произлегуваат од стечајната постапка, правници и претставници на други институции имаа можност, освен за легислативата, да расправаат и за побивањето во практиката, како и за дилемите и прашањата што се наметнуваат од во основа добрата законска регулатива.

Неможе да се зборува за побивањето на правните дејства, а да не се спомне вонстечајно побивање, дефинирано во Законот за облигациони односи, со кој е опфатено намирување на само еден доверител, што е и основната разлика во однос на стечајното побивање, каде што треба да се води грижа за рамноправно намирување на сите доверители кои ги пријавиле свои побарувања. Затоа и стои оценката дека институтот за побивање на правни дејства е комплексен и бара многу посериозен пристап од оној што се сретнува во практиката. Имено, станува збор за мошне важен дел од Законот за стечај, кој овозможува спречување на дискриминација или фаворизирање на одредени доверители, со цел заштита на стечајната маса и праведно и потполно намирување на сите стечајни доверители. Несторувањето се третира сосема подеднакво како и сторувањето, односно, како правно дејство се подразбира и пропуштањето на вршење на тие дејства. Оттаму, како што беше нагласено, отворени се бескрајни можности за побивање, а само еден сегмент од нив се договорите за цесии, во кои се гледа намерата на должникот за намирување на одредени побарувања.



Уште од општите одредби, со кои стечајниот управник во име на стечајниот должник и стечајните доверители може да побива правни дејства преземени пред отворање на стечајната постапка, со кои се нарушува изедначеното намирување на доверителите, односно со кои одделни доверители се ставаат во поповолна положба, потенцирани се значењето, улогата и одговорноста на стечајниот управник при побивањето на правните дејства. Всушност, според изнесеното на советувањето, во побивањето главната улога ја има стечајниот управник, сето она што ќе го преземе, или, нема да го стори, со сите последиците што потоа можат да произлезат. Всушност од големо значење е прибирањето на целата документација, добро – темелно да се изанализира, за потоа преземените правни дејства да бидат усогласени.

Целиот процес на побивањето треба да се одвива континуирано и сукцесивно, со тоа што по правило стечајниот управник треба да ја има главната улога – иако и доверителот може да побива правни дејства, но тој секогаш ги нема сите податоци со кои располага стечајниот управник.

Проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва„, се реализира од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија и се имплементира од страна на конзорциум предводен од Pohl Consulting & Associates, во партнерство со Ernst&Young.

Скопје, 13.04.2017